20100921724

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 9 став 1 б), член 54 став 1 точка 5 и 7 и член 56 став 1 точка 14 Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009 и 50/2010“), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на ден 24.06.2010 година, донесе

ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ЗА ПАКЕТИТЕ НА ЗАВРШЕНИ ЕПИЗОДИ НА ЛЕКУВАЊЕ ЗА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО - КОНСУЛТАТИВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА - АМБУЛАНТСКИ

Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко - консултативната здравствена заштита - амбулантски („Службен весник на Република Македонија“ број 44/2010 и 58/2010 во членот 2, се врши измена и дополнување на:

Шифра		Назив на пакетот	Референтна цена
Општа хирургија - дополна со еден нов пакет			
АОХМ13		Пакет за повеќе од 3 преврски	500
Психијатрија - измена и дополна			
Пакетот АПХ6 се заменува со 3 нови пакети			
АПХМ6		Психотерапевтски пакет со една психотераписка седница	900
АПХМ6а		Психотерапевтски пакет со две психотераписки седници	1,800
АПХМ6б		Психотерапевтски пакет со три психотераписки седници	2,700
Здравствени услуги интернистички здравствени услуги- дополна			
АИМ27	ЕКГ		250
АИМ28	ЕХО на еден орган		300

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-8638/13
24 јуни 2010 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Елена Трпковска, с.р.